## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5983 | 1 | |


### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 24 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 25 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   **Член 75-в од Изборниот законик** („Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања.
   Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 24 ноември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 75-в од Изборниот законик, водител на програма кој учествува во предизборни активности на учесник во изборна кампања, истовремено е ангажиран и во програмата на радиодифузерот.

На 24 ноември 2016 година, во периодот од 21:18:23 до 22:58:59 часот се емитуваше репризно издание од квизот „Арена", чиј водител е Димитар Атанасовски кој го позајмува својот глас во платено политичко рекламирање на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и др.

***Сектор за програмски работи***